Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 11, 19 септември 2008 година

септември 2008
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметот Трудово право и други сродни правни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предмети од областа *граѓанско право* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *геологија*, по предметите Палеонтологија и стратиграфија, Геотехнички објекти 1, Рекламација и рекултивација на земјиштето и предметите од Катедрата за геологија и геофизика на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент по предметот Казнено право и други сродни правни дициплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) по предметите Основи на економијата, Применета економија и други сродни наставно -научни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент/асистент) по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европската унија на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот *„Механизација во градинарството и цвеќарството”,* од проф. д-р Ристе Кукутанов од Земјоделски факултет - Струмица и асс. м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје ........ 21

Издавач
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК (ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ) ПО ПРЕДМЕТИТЕ МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО И ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев”, на седницата одржана на 21 август 2008 година, донесе Одлука (бр.1602-86) за формирање на Рецензентска комисија во состав: д-р Ванчо Стојчев, вонреден професор (претседател), д-р Стеван Алексоски, редовен професор (член) и д-р Јован Ананиев, доцент (член) за избор на ***соработник (помлад асистент/асистент)*** по предметите ***Меѓународно јавно право*** и ***Право на Европската унија*** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев”- Штип. На конкурсот, објавен во весникот „Дневник“ на 9 јули 2008 година, се пријавија во определено време и со соодветни документи следниве кандидати: Георги Ангелов, Андон Мајхошев, Мики Рунтев и Ана Никодиновска.

Врз основа на деталното запознавање, почитување на конкурсните услови и законските одредби, по прегледот и проучувањето на пристигнатите пријави и приложените документи посебно за секој кандидат, Комисијата има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев “ - Штип да им го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**М-р Георги Ангелов** е роден на 26 мај 1974 година во Кочани. Основно и средно образование завршува во Кочани. Во учебната 1993/94 се запишува на Економскиот факултет во Скопје, насока Деловна бизнис економија, Отсек за финансиско-сметководствен менаџмент, а дипломира во 1998 година. Истата година се запишува на постдипломски студии по меѓународно право и меѓународна политика на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на насоката Меѓународна политика. Магистрира на тема *„Ватикан во меѓународното право и меѓународните односи“*, со средна оценка 6,71.

Кандидатот ги приложи потребните документи, според објавениот конкурс, оверени кај нотар.

Комисијата констатира дека кандидатот не го исполнува основниот услов наведен во конкурсот за помлад асистент, а што го предвидува Законот за високото образование, член 129, став 1 („Службен весник на Република Македонија”, бр. 35, год. LX од 14 март 2008 година), во кој се наведува дека за помлад асистент може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус со просечна оценка од најмалку 8,00. Според наведеното, Комисијата констатира дека кандидатот Георги Ангелов не ги исполнува условите за избор во соработничко звање помлад асистент по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европската унија на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев”.

**М-р Андон Мајхошев** е роден на 2 февруари 1961 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. Во 1984 завршува Факултет за политички науки во Белград. На 3.7.2008 година со успех го одбранува магистерскиот труд на тема *„Функционирање на Економско-социјалниот совет во Република Македонија во периодот 1997-2007 година“* на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје. Со оглед на тоа дека насловот на темата на магистерскиот труд е соодветен на она што стои во точката 3.4. од конкурсот, Комисијата предлага пријавата на кандидатот Андон Мајхошев да се разгледува во рамките на точката 3.4. од наведениот конкурс.

**М-р Мики Рунтев** е роден на 28 декември 1982 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. Во 2001 година се запишува на студии на Југозападен универзитет „Неофит Рилски“ - Благоевград, Р. Бугарија, на Правно-историскиот факултет. Во 2005 година дипломира и се стекнува со диплома за високо образование, специјалност меѓународни односи. Магистрира во 2007 година на тема *„Надворешната политика на Америка кон земјите од Југоисточна Европа 1990-2007 г.“* и се стекнува со професионална квалификација магистер по меѓународни односи. Од доставената документација, Комисијата констатира дека м-р Мики Рунтев не ја нострифицирал дипломата за одбранет магистерски труд, што е еден од условите за избор во соработничко звање помлад асистент по предметите Меѓународно јавно право и Право на Европска унија на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**М-р Ана Никодиновска** е родена на 31 мај 1980 во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје. Во 2005 година дипломира на Универзитетот „Ориентале” во Неапол, Италија, на Факултетот за политички науки со оценка 9,10. Дипломира со предметот Меѓународно право на тема *„Македонскиот конфликт во 2001 година во меѓународното право“* и се стекнува со диплома по меѓународни и дипломатски односи. На задната страница од дипломата е приложен апостил на дипломата. Постдипломските студии ги завршува на Универзитетот во Болоња, Република Италија, и се стекнува со академски степен магистер по социјални политики и стратешки менаџмент за одржлив териториjален развој. Постдипломските студии ги завршува со оценка 9,10 и се здобива со 64 кредити и со универзитетски мастер од второ ниво. На задната страница од дипломата е приложен апостил на дипломата. Сите приложени документи се во согласност со конкурсот, комплетни, оригинални, нострифицирани, а копиите се оверени кај нотар. М-р Ана Никодиновска солидно познава повеќе странски јазици (чита, пишува и зборува: италијански, англиски, француски, српски и романски). Кандидатката има искуство во примената на различни методологии и техники при истражувањата, вклучувајќи и електронски ресурси, Интернет и различни бази на податоци. Добро ја познава работата на компјутер и друг вид на информатичка опрема, а ги користи: MS Windows, Word, Excel, Power Point, Internet, Lotus, Notes, Macromedia и употреба на електронски речници и енциклопедии.

Покрај тоа, м-р Ана Никодиновска има одлични истражувачки, аналитички и комуникативни способности, што ѝ овозможуваат лесно да врши идентификација и да ги решава проблемите. Нејзиното познавање на научната методологија, на светските јазици и информатичката техника ѝ овозможува способност за планирање на работата, менаџирање на приоритетите, независно работење, формулирање на опции и подготовка на солуции и препораки. Кандидатката поседува комуникациски способности за писмено и усно изразување, а и способност за работа во мултикултурна и мултиетничка средина. Отворена е кон новитетите, пројавува интерес за лично усовршување и е подготвена за тимска работа. Нејзините особености ѝ овозможиле во ноември 2005 година да учествува на NAMUN (Naples Model of the united Nations) како делегат на Република Македонија во Третата комисија при Генералното собрание на Обединетите нации. Во периодот 2003-2004 година била член на Студентското движење за меѓународни организации.

За време на постдипломските мастер студии, м-р Ана Никодиновска има изработено 8 семинарски трудови (секој труд во обем од 15 до 20 страници), учествува на 7 семинари во земјава и во странство. До сега не била вработена на неопределено време, но нејзиното работно искуство на определено време е богато и разновидно. Работела како преведувач од италијански на македонски јазик и обратно во Секторот за мир и меѓународна соработка во Болоња, Р. Италија; во периодот февруари–јули 2007 година работи во Јавното обвинителство на Р. Македонија, Одделение за борба против корупција и организиран криминал; во периодот септември –декември 2007 работи во Здружение на граѓани

„Фронт” 21/42 (невладина организација) на проект *„Градење на административни капацитети за ЕУ интеграции”,* а од декември 2007 година работи во Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата внимателно ја разгледа приложената документација и при донесувањето на заклучокот се раководеше пред сè од условите на конкурсот, Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Покрај тоа, Комисијата ги имаше предвид и приложените сертификати кои им одеа во прилог на кандидатите и кои ќе дадат придонес во натамошниот развој на кандидатите и во осовременувањето на наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес на Правниот факултет. Водејќи се од основните критериуми на конкурсот и од одредбите на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“, Комисијата со целата своја стручност и одговорност има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го достави следниов предлог.

Според Критериумите на конкурсот, а имајќи ги предвид членот 129, став 1 од Законот за високото образование и членот 179, став 1 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев”, како и извештајот во кој се дадени стручните и педагошките квалитети на кандидатите, Комисијата предлага **м-р Ана Никодиновска** да биде избрана во звање **помлад асистент** по предметите ***Меѓународно јавно право*** и ***Право на Европската унија,*** но и да се ангажира и за други предмети од областа на правните науки.

При донесувањето на одлуката, Комисијата констатира дека се работи за кандидатка која за време на студиите покажува извонредни резултати по сите предмети, која владее со повеќе странски јазици и која веднаш по завршувањето на студиите се вклучува во конкретна научноистражувачка работа, каде исто така покажува врвни резултати.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Ванче Стојчев, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Стеван Алексоски, член, с.р.**

**Доц. д-р Јован Ананиев, член, с.р.**